*АДВОКАТСКА КОМОРА НА*
*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**NORTH MACEDONIA BAR ASSOCIATION**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 10. 05. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| | | | |

*Скопје, 09.05.2023 година*
*Наш бр.03-325*

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Г-дин ТАЛАТ ЏАФЕРИ**

**ПРЕДМЕТ: Мислење во врска со ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА поднесен од група пратеници на ден 02.05.2023 година**

Во врска со поднесениот Предлог на Закон за измени и дополнување на Законот за облигационите односи, Адвокатската комора на Република Северна Македонија укажува дека донесувањето на предложените измени се спротивни на Уставот на Република Северна Македонија, како и позитивните закони, кои доколку се донесат ќе го нарушат правниот ред и поредок во државата.

Имено, досегашниот член 368 од ЗОО гласи:

**Член 368**

**„(1) Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган,застаруваат за десет години, па и оние за кои законот инаку предвидува пократок рок на застареност.**

**(2) Меѓутоа, сите повремени побарувања што произлегуваат од такви одлуки или порамнувања и стасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареноста на повремените побарувања.“**

Со член 2 од Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи, се предлага членот 368 да се менува и гласи:

**„(1) Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за пет години, од моментот на нивната извршност, како и побарувањата за кои согласно со законот се предвидува пократок рок за застареност.**

(2) Сите повремени побарувања што произлегуваат од одлуки или порамнувања предвидени во ставот (1) на овој член и стасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареност на повремените побарувања.

(3) **Застареноста на правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган прекинува со поднесување на Барање за извршување пред надлежен извршител, при што почнува да тече одново застареноста која во извршната постапка трае десет години од моментот на поднесеното барање за извршување.“**

Со член 4 од Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи, се додава нов член кој гласи:

**„Започнатите постапки за наплата на побарувања предвидени во членот 2 од овој закон ќе завршат согласно со овој закон.“**

**Образложение**

Законот за облигациони односи е важен системски закон во правниот систем на Република Северна Македонија. Одредбите од овој закон наоѓаат многу значајна примена во секојдневното живеење и работење на физичките и правните лица во многу области од граѓанскиот сектор и деловните односи меѓу наведените субјекти.

Во текстот на Предлог Законот и тоа член 2 став 3 и член 4 се целосно противуставни и незаконити.

Со измените, односно додавањето на став 3 во постоечкиот член 368 доверителите се ставаат во подредена положба за сметка на должниците, со што се прави дискриминација на една широка категорија граѓани и правни лица. Ова особено што присилната наплата не зависи само од активностите и дејствијата на доверителот, туку и од многу други фактори, како што се реалната можност за наплата, начинот на кој постапува извршителот, однесувањето на должникот и многу други околности со кои доверителите се судруваат во праксата на своето работење. Од тука, не постои образложение, анализа како е дојдено до сознанието дека рокот од десет години е оптимален за присилно исполнување на обврските и дека нуди соодветна заштита на интересите на доверителите. Оваа одредба во сегашните услови, наместо да стимулира финансиска дисциплина, ќе стимулира обратен процес бидејќи претставува директен мотив за должникот да изнаоѓа начини за избегнување на плаќање на обврските кон доверителите знаејќи дека ако тоа го успешно го прави 10 години, нема ништо да плати.

Носењето на ваквите измени ќе предизвика криминални, шпекулативни и други незаконски дејствија од должниците со цел да избегнат плаќање на долговите, како на пример, да заминат од државата и да се вратат после 10 години, со умисла да не се

стекуваат со имот по било кој основ, да не прифаќаат наследство, да не пријавуваат место и промена на живеалиште, да не се пријавуваат во редовен работен однос за да не им се наплаќа долгот од плата, кое нешто ќе предизвика примање на социјална помош, неплаќање придонеси, неплаќање на персонален данок и други давачки кон државата. Ваквите нови одредби ќе предизвикаат и задолжувања кои должникот ќе ги создаде со цел никогаш да не ги плати, како према физички, така и према правни лица. Ова нешто може да предизвика појава на зголемување на случаите на измами и изнуди, како и зголемувањето на кривични дела од областа на физичките напади и крвни деликти, во неможност доверителите по законски пат да ги наплатат своите долгови.

Од друга страна пак, доверителите освен што не ќе можат да го наплатат својот долг ќе бидат изложени да ги платат трошоците на судските и нотарските постапки како и трошоците за извршување.

Истакнуваме дека, кај правните лица, ќе предизвика големи штети од причина што истите ќе мора своите побарувања да ги отпишат, за истите да платат данок на добивка на државата, а за кое веќе платиле и Данок на додадена вредност, со што ќе се предизвика верижна реакција за ликвидност на фирмите, солвентност и неплаќање на своите редовни долгови према државата и други правни лица. Ова крајно ќе предизвика отпуштање на работници, зголемување на цени на услугите, намалување на прометот кај правните лица и др.

Предложените измени се неуставни, спротивни на член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи со измените неуставно се предлага ретроактивно применување на овие измени. Исто така, тие се во директна спротивност и со член 24 став 3 од Уставот на РСМ, каде е наведено дека „никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со Закон."

Генерално, укажуваме на две сосема негативни последици од примената на предложените измени на член 368 од Предлог Законот. Едната негативна последица е што наведените одредби се во спротивност со уставните одредби, особено со член 8 став 1 алинеја 6 од Уставот на РСМ каде како темелна вредност наведена е правна заштита на сопственоста, со што на секој субјект му е загарантирано правото на заштита на својата сопственост и правата кои произлегуваат од неа (член 24 став 3 од Уставот на РМ). Таква гаранција е предвидена и во Европската конвенција за човекови права (Протокол 1).

Втората негативна последица се состои во тоа што оваа одредба ќе нанесе голема штета на финансиската дисциплина во државата и ќе има веројатно големо штетно влијание на инвестициската клима, па доколку се донесе тогаш последиците ќе бидат многу поголеми.

Истакнуваме дека во 2019 година, од пратеникот Самка Ибраимовски, до Собранието на РСМ беше поднесен Предлог на Закон со истите измени и дополнувања на Законот за облигационите односи, кој како таков не беше изгласан во Собранието. На тогашниот поднесен Предлог, свои забелешки во правец да не се носат измените поднесоа голем број правни лица, банкарски асоцијации, најголемите компании, комората на извршителите, Адвокатската комора на РСМ и други.

За истото Ве упатуваме да го прибавите и да го имате во предвид Предлогот на Закон за изменување и дополнувања, поднесен од пратеникот Самка Ибраимовски и сите реакции по истиот.

Оттаму зачудува фактот на повторно предлагање на Закон за изменување и дополнување на ЗОО со истите измени, и се поставува прашањето што се сменило во меѓувреме за да овој закон се предложи повторно.

Ве молиме, нашето мислење и забелешки да ги доставите до сите пратеници на Собранието на РСМ, како и до предлагачите, односно до групата на пратеници кои го предложиле Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка.

**Со оглед на гореизнесеното, предлагаме Предлог Законот за измена и дополнување на Законот за облигационите односи да не биде прифатен од страна на Собранието на Република Северна Македонија.**

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Љубомир Михајловски, адвокат**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ

e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452
ул. Руди Чајавец бр.1 лок.15, 1000 Скопје, Р.С.Македонија; St. Rudi Chajavec No.1 lok.15, 1000 Skopje, R.N.Macedonia

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | 10-05-2023 | | |

*АДВОКАТСКА КОМОРА НА*
*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**NORTH MACEDONIA BAR ASSOCIATION**
*Скопје, 09.05.2023 година*
*Наш бр.03-325/1*

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Г-дин ДИМИТАР КОВАЧЕВСКИ**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на Мислење**

Пред Собранието на Република Северна Македонија во тек е постапка за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за облигацони односи, по скратена постапка.

Во врска со горенаведеното, до Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, од страна на Адвокатската комора на Република Северна Македонија е доставено мислење со барање да мислењето се проследи до сите пратеници на Собранието.

Доставеното мислење по однос на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи, Ви го доставуваме и Вас, на Ваше знаење и постапување.

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Љубомир Михајловски, адвокат**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

*АДВОКАТСКА КОМОРА НА*
*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**NORTH MACEDONIA BAR ASSOCIATION**
*Скопје, 09.05.2023 година*
*Наш бр.03-325/2*

**ДО МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Г-дин КРЕНАР ЛОГА**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје/Shkup

| Примено: pranuar: | 10-05-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност Vlera: |
| | | | |

**ПРЕДМЕТ: Доставување на Мислење**

Пред Собранието на Република Северна Македонија во тек е постапка за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за облигацони односи, по скратена постапка.

Во врска со горенаведеното, до Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, од страна на Адвокатската комора на Република Северна Македонија е доставено мислење со барање да мислењето се проследи до сите пратеници на Собранието.

Доставеното мислење по однос на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи, Ви го доставуваме и Вас, на Ваше знаење и постапување.

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Љубомир Михајловски, адвокат**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452
ул. Руди Чајавец бр.1 лок.15, 1000 Скопје, Р.С.Македонија; St. Rudi Chajavec No.1 lok.15, 1000 Skopje, R.N.Macedonia